Пукање на улицата Џон Кенеди во Чаир, полицијата го истражува случајот

Објавено: 04/06/2020

Ми се допаѓа Сподели

© Copyright 2020 pravdiko.mk Сите права се задржани. Не е дозволено преземање на оваа содржина или на делови од неа без претходна согласност од редакцијата на ПРАВДИКО.

Истрели од огнено оружје се слушале утрово во скопски Чаир, што ги вознемирило жителите, кои подоцна настанот го пријавиле во полиција.

Службеници излегле на терен, потврдуваат од МВР, и додаваат дека на местото на настанот биле пронајдени чаури.

Засега не се знае кој и зошто пукал.

„Денес по 10 часот било пријавено дека на улицата Џон Кенеди се слушнало пукање од огнено оружје. По пријавата е излезено на местото на настанот, но не се пронајдени лица, а пронајдени се само четири чаури", велат од МВР.

Пред две недели во Бутел од автоматска пушка беа испукани стотина куршуми кон скопјанец, а тој тоа го пријави во полиција.

Засега, овие два настани не се поврзуваат. За пукањето во Бутел се чека резултат од истрагата која треба да покаже кој пукал, како и причините за тоа.

Во полициското билтен пукање во Чаир беше пријавено и на втори јуни кога во раните утрински часови во близина на угостителски објект и градинка на улицата Архиепископ Доситеј едно лице пукало од огнено оружје кон 24-годишен скопјанец, кој управувал мотоцикл, при што бил повреден во пределот на ногата.

Извор: Макфакс

Сподели на:

Facebook | Twitter | LinkedIn | Pinterest | Печати

Препорачуваме

Пукање во куќа во Мала Речица

Празниците да се прослават без петарди и огнено оружје, апелира МВР

Без причина пукал од ловиска пушка

Маскирани лица со огнено оружје ограбиле обложувалница во Скопје

Врзале две жени и им ја ограбиле куќата

МВР спречи диви трки на моторци на три улици во Скопје

Оружје и дрога пронајдени кај 29-годишен тетовец

Се истражува случајот на криумчарење мигранти откриен по сообраќајка

« Граѓаните кои немаат трајни дозволи за движење во полициски час треба да извадат нови /

ПРИДРУЖИ СЕ НА

Добивај најнови вести на e-mail

Внеси e-mail

Регистрирај се

Follow @Pravdiko 7,503 followers

Најновови статии | Најчитани статии

Пукање на улицата Џон Кенеди во Чаир, полицијата го истражува случајот

Граѓаните кои немаат трајни дозволи за движење во полициски час треба да извадат нови

Продолжуваат да важат дозволите на земјоделците за движење за време на полициски час

Хелсиншки и Гласен текстилец бараат фабриките да не работат за време на полициски час

Отфрлена кривичната пријава против кумановскиот градоначалник за непочитување на мерките за заштита

Филиповска-Грашкоска: Инспекторите извршиле 12.799 контроли, уредбите и протоколите мора да се почитуваат или следи соодветна санкција

Од вечерва во 21:00 часот стапува во сила забраната за движење за граѓаните на сите општини во градот Скопје, и околните скопски општини Арачиново, Зелениково, Илинден, Петровец и Студеничани, како и за Куманово, Липково, Штип, Карбинци, Тетово

Во текот на изминатото деноноќие издадени се 435 решенија за изолација

МВР: Поради полицискиот час закажаните термини на 05.06.2020 за аплицирање за лични документи нема да се реализираат

Предложени парични казни за 17 лица во Скопје

Search Booking.com

Destination/Property name: Bansko Region

Check-in date 6 Jun '20

Check-out date 7 Jun '20

Search

Правдико 77 986 допаѓања

Ми се допаѓа | Дознај повеќе

Биди прв/-а од пријателите што ќе стисне „Ми се допаѓа" на ова

Партнери на Правдико

© Правдико, 2020. All Rights Reserved
Правен застапник на веб порталот Правдико е Адвокатска Канцеларија "Калиса" - Битола